Врз основа на член 23 став 5 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на РМ“ бр.20/09) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за формата и содржината на потврда за привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби како и цената на одземените предмети, средства, производи, растенија и риби кои се предмет на продажба**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на потврда за привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби како и цената на одземените предмети, средства, производи, растенија и риби кои се предмет на продажба.

Член 2

Потврдата за привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби како и цената на одземените предмети, средства, производи, растенија и риби кои се предмет на продажба од член 1 од овој правилник е дадена на формат А4 и ги содржи следните податоци:

- назив на органот кој ја издава потврдата
- основ за издавње на потврдата
- назив и седиште на правното или физичкото лице
- потврда за привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби
- државен инспектор за земјоделство
- ден
- година
- час
- назив на привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби
- број
- единствена мера
- вкупна количина во кг./л. /бр.
- основ за одземање на предметите
- каде и кога ќе бидат предадени одземените предмети
- место за потпис на лицето од кого се одземени предметите
- место за потпис на државен инспектор за земјоделство

На долниот дел од потврдата пропишано е каде одземените предмети ќе бидат предадени со потпис на лицето ќе ги прими и лицето кое ги предава.

Член 3

Образецот на потврдата за привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби како и цената на одземените предмети, средства, производи, растенија и риби кои се предмет на продажба од член 1 на овој правилник е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Цената на привремено одземени предмети, средства, производи, растенија и риби како и цената на одземените предмети, средства, производи, растенија и риби кои се предмет на продажба изнесува 30 % помалку од големо продажна цена на пазарот.

Добиените средства од став 1 на овој член ќе се уплатат на сметка на буџет на Република Македонија.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на потврдата за привремено одземени растенија, производи и предмети („Службен весник на РМ" бр. 73/04)

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето на „Службен весник" на Република Македонија.

Бр.10-6512/1<br>19.мај 2009<br>Скопје

Министер<br>за земјоделство, шумарство<br>и водостопанство<br>Ацо Спасеноски